16

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**ОРГАНИЗАЦИЈА МЛАДИНСКА АЛИЈАНСА ТЕТОВО**

(Име на здружението/ фондацијата)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 31-01-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 19- | 21/1 | ✓ | ✓ |

**ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

Врска: 09-243/1,2,3-21

**Центар за правни совети и интервентни акции за COVID-19**

(Име на проектот)

Тетово, 28.01. 2022 година
(место) (датум)

## 1. Општи информации [illegible]

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-243/2 од 23.07.2021 година. |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Организација Младинска Алијанса Тетово |
| Наслов на проектот | Центар за правни совети и интервентни акции за COVID-19 |
| Период на спроведување на проектот | од 01.08.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Небојша Захариески |
| Проектен менаџер | Тања Захариеска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070 25 62 58; 070 20 99 15;<br>tanja8mk@yahoo.com nzaharieski@yahoo.com |
| Цел на проектот | Општата цел на проектот е преземање на мерки за справување со кризата предизвикана од светската пандемија од коронавирусот COVID -19 во Полошкиот плански регион.<br>Специфичните цели на овој проект се:<br>- Правна помош, психолошка помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемија за најзагрозените групи, вклучително и спречување на стигматизација на заразените со коронавирус COVID-19 и лицата во изолација (спречување говор на омраза) и<br>- Набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи, на локално ниво. |
| Целна група | Целна група на овој проект се сите социјално загрозени и маргинализирани групи, стари и изнемоштени лица, лица со зависности, самохрани родители и сите лица кои имаат потреба од помош за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID -19 во Полошкиот плански регион |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Целно подрачје е: Полошки плански регион, а Локација е: северозападен регион општините Тетово, Теарце, Јегуновце, Желино, Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Гостивар и Маврово-Ростуше. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600.000,оо ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600.000,оо ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед [illegible]
(Резимето треба да одговара [illegible])

Главната цел на овој проект е да се обидеме да делуваме како сервис на граѓаните од Полошкиот плански регион за справување со проблеми произлезени од кризата предизвикана од светската пандемија од коронавирусот COVID -19, преку давање на бесплатна правна помош.

Во рамките на овој проект, активностите се поделени во две комоненти. Првата компонента е функционирање на канцеларија за давање на правна и психолошка помош. За спроведување на оваа активност се користи канцеларијата на Младинска Алијанса, која се наоѓа во центарот на Тетово и е лесно достапна. Оваа активност се спроведе со времетрање сите 5 месеци. Давањето на бесплатна правна помош беше спроведена од страна на екперт – правник со положен правосуден испит кој им пружаше правна помош на сите баратели. Оваа помош се однесуваше на давање совети за остварување на своите права кои им се загрозени поради пандемијата, совети за користење на мерките од владата за справување со пандемијата и сл. Давање на бесплатна психолошка помош беше спроведена од експерт – психолог. Психолошката помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемија за најзагрозените групи, вклучително и спречување на стигматизација на заразените со коронавирус COVID-19 и лицата во изолација (спречување говор на омраза) на оние лица на кои им беше потребна.

Втората компонента од овој проект се однесува на набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи, на локално ниво. Ова се однесува на набавка на основни прехрамбени производи (брашно, сол, шеќер, грав, ориз, леќа, зејтин, макарони и др,) како и средства за лична хигиена како и картонски пакети за пакување на производите. Вкупен број на хуманитарните пакети е 150 (по 15 пакети во сите 8 општини и 30 пакети за општина Тетово како најголема во Полошкиот регион). Пакетите беа поделени во сите 9 општини од Полошкиот плански регион, вклучувајќи ги сите села и населени места на рака, односно директно во домовите на социјално загрозените семејства.

## 3. Спроведени активности и резултати од проектот

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете [illegible] периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Функционирање на канцеларија за правна и психолошка помош | Во канцеларијата на Организација Младинска Алијанса во Тетово функционира давање на бесплатна правна и психолошка помош на лица кои се обраќаат. Канцеларијата е лесно достапна во центар на градот блиску Основен Суд Тетово и е препознатлива од причина што функционира долги години наназад со давање на сличен вид на правна и психолошка помош. Со овој проект се става акцент да се советуваат корисниците за нивните права поврзани со Ковид кризата директно или индиректно. Овие услуги се даваат лично во канцеларијата, но и по телефон. Се обраќаа најпрвин т.н. срамежливо заинтересирани лица директно во канцеларија со одредена скепса дали воопшто постои и дали функционира, за да веднаш се уверат по првиот прием дека навистина функционира канцеларијата секој ден од понеделник до сабота каде дипл. правник со правосуден испит ги прима сите лица кои ќе се обратат и на истите по давање на помошта не им се наплаќа | од 01.08.2021<br>до 31.12.2021 | Прифатени сите заинтересирани лица кои се обратиле и побарале помош вкупно 56 лица од различни етнички припадности, македонци, турци, албанци, роми, срби.....од други националности до овој период не се идентификувани. Решени позитивно 29 случаи преку давање на совети информации и преку телефонско појаснување застапување на лицата пред државни национални органи како и пред приватни работодавачи. Исто така на одредени лица вкупно 23 им беше дадена психолошка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | доколку се работи за советувања илиу други слични активности поврзани со Ковид19 директно или индиректно. | | помош од дипл.психолог кој за овој проект волонтерски работеше повремено со закажување на термин, бидејќи финансиски средства за иститот не ни беа доделени овој пат. |
| Давање на бесплатна правна помош | Бесплатната правна помош се однесува на решавање или советување за полесно и побрзо решавање на проблеми кои произлегле кај корисници како последица од Ковид кризата директно или индиректно. Па така беа обработувани случаи кои им било кажано дека доколку не дојдат на работно место можно е да бидат прогласени за технолошки вишок, како и можно е да бидат преместени на друго работно место по враќање од боледувањето, како и за тоа дека не им се гарантира висината на личниот доход понатаму. Исто така како правно поврзани прашања беа обработувани и оние кои се приморани да користат или да не користат маска на своето работно место, дали се во сила се уште Ковид мерките и слично...Забележано беше задоволството од советувањата кај корисниците. | од 01.08.2021 до 31.12.2021 | Најчесто советување на лицата кои се обраќаа за помош беа од аспект на проблрми со рботодавачите кои на одредени лица им инсистираа да одат редовно на работа, да ги скратат своите боледувања, да работаат прекувремено дополнително покирајчи го недостатокот од други работници и колеги кои одсуствуваа и беа на боледување поради Ковид19 позитивни и сл. На дел од нив им беа усно дадени совети како да ги решат недоразбирањата со работадавачите, а за дел беше јавувано на телефон директно кај работодавачите при што се успеа да им се надмине проблемот разбирајчи се со предпоставениот или со првиот управител на приватното трговско друштво работодавец. На одредени лица беа советувани дека можат да се обратат во канцеларијата на Народен Правобранител во Тетово каде исто така услугите можат да ги добијат бесплатно. |
| Набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи, на локално ниво | Оваа активност се спроведуваше веднаш по започнувањето на проектот. По обезбедувањето на хуманитарната и санитарната помош се пристапи кон дистрибуција на истата и тоа најпрвин во градот Тетово, а потоа во Јегуновце, Теарце, Брвеница и Желино, а додека | од 01.08.2021 до 31.12.2021 | Набавката на храната беше извршена од сопствени извори на приходи, како и дел со договор на добавувачите да не чекаат за плаќање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | во градот Гостивар, Маврово-Ростуше, Боговиње и Врапчиште дистрибуцијата ќе се изврши во наредниот период ноември и декември. | | бидејчи со овој проект немавме наменски средства доделено за таа ставка, но иститие успеавме да ги обезбедиме од други извори. Се набавија вкупно 150 пакети храна и хигиенски средства односно санитарна помош. Беа дистрибуирани сите 150 пакети. |
| Набавка на продукти за хуманитарни пакети | Оваа активност се спроведе уште на почетокот на проектот. Напоменуваме дека финансиски средства за реализирање на оваа активност ни недостасуваа од причина што ни беа доделени 600.00,оо денари, а побаравме 900.000,оо денари, но сепак активноста ја ставивме во планот за реализација и ја спроведовме со сопствени средства и дел со донации од заинтересирани страни. | од 05.08.2021<br>до 31.12.2021 | Беа обезбедени разни основни продукти кои се комбинирaа и самите ги спакувавме во пакети вкупно 150 пакети. |
| Транспорт на хуманитарни пакети | Целосно реализирана активност. Дистрибуирани сите 150 пакети до крајните корисници од општините во Полошкиот регион | од 01.08.2021<br>до 31.12.2021 | Транспортот на хуманитарните пакети го извршивме директно до домачинствата на врата на секој дом одделно вкупно до 150 домачинства |

**4. Проблеми во спроведување на проектот (Наведете доколку [illegible] активностите на проектот вклучително и донесеното како [illegible] проектот)**

Од проблеми посебни битни големи проблеми не сме идентификувале, освен мали технички проблеми со конекција на интернет понекогаш паѓа интернетот па неможе во временска рамка во текот на работното време во денот да се изработи нешто, но истото се надополнуваше успешно истиот ден дали од дома дали од друга локација дали од канцеларија каде има подобра техничка можност за конектирање на интернет. Исто така како мал незначаен проблем го напоменуваме фактот каде потенцијални корисници прашуваа дали доделувањето на хуманитарната помош и санитарната помош е на некој начин поврзана со изборниот процес кампањата за локалните избори при што јасно објаснивне дека се работи за проект финансиски поддржан од Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Мкедонија, а кој има за цел да помогне во активно справување со последиците од Ковид меѓу другото. По овој индикатор исто така спроведовме мерки да не доделуваме хуманитарна и социјална помош на јавни места и за време на предизборнта кампања, туку истата активност малку ја померивме за десетина дена и директно им ја дистрибуиравме во домаќинствата на секое посебно, што битно не влијаеше на динамиката на спроведувањето на проектот. Во врска со доцнењето на исплата на финансиските средства од проектот истите беа исплатени на нашата жиро сметка на 04.08.2021 година, чие нешто битно не влијаеше на имплементација на активностите од проектот.

## 5. Видливост и јавност (Одржани [illegible] проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Јавно доделување на хуманитарна и санитарна помош на корисници маргинализирани лица. Оваа активност ја спроведовме во град Тетово во соработка со Центарот за социјални работи Тетово претставуван од директорот Дарко Обадиќ при што оваа институција ни ги идентификуваше целните групи лица на кои им е најпотребна помошта, а заеднички ја доделивме на одреден пункт пред фабриката Тетекс во Тетово во индустрискиот комплекс на отворен простор целосно почитувачи ги и применувајќи ги мерките за заштита од Ковид19. | На оваа активност присуствуваа 48 лица од различна етничка и возрасна припадност. | Се поделија 48 пакети со хуманитарна помош која се состоеше од пакети со храна основни продукти за домаќинство и санитарна помош која се состоеше од средства за дезинфекција и маски. | Оваа активност не беше објавена во медиумите на наше барање, за да не би довело до злоупотреба од страна на политичките пратии за време на изборите. |

## 6. Заклучоци за [illegible]

Со реализација на активностите од овој проект се придонесе кон постигнување на основната и специфичните цели на проектот, односно со овој проект се презедоа мерки за справување со кризата предизвикана од светджтската пандемија од коронавирусот COVID -19 во Полошкиот плански регион. Исто така функционира канцеларија за давање на правна помош, психолошка помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемија за најзагрозените групи, вклучително и спречување на стигматизација на заразените со коронавирус COVID-19 и лицата во изолација (спречување говор на омраза), како и беа набавени и дистрибуирани 150 пакети со хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи, на локално ниво.

При имплементацијата на проектот беше вклучено Министерство за труд и социјална работа, подрачни единици Тетово и Гостивар кои беат контактирани од наша страна и кои ни дадат информации, односно списоци за регистрирани социјални семејства на кои им беа поделени хуманитарни пакети. Оваа соработка ќе продолжи во иднина.

Со овој проект се воспостави поблиска соработка со општините во Полошкиот регион. Како резултат на овој пртоект во декмеври 2021 гоидна Младинска Алијанса Тетово потпиша меморандум за соработка со Општина Јегуновце. Со кој меморандум Општина Јегуновце заедно со нашата организација се вклучува во активности на делење на прехрамбени пакети на сиромашни семејства во својата општина.

Во иднина очекуваме са се приклучат и останатите општини во раелизација на вакви активности.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Добиени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | [illegible] |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **464.600,00** | **464.600,00** | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | 418.140,00 | 418.140,00 | Договори за дело за координатор, асистент координатор и експерт-правник, пресметки на хонорари за 5 месеци за трите лица, временски рамки за нагажираност на лицата, рекапитулации за утврдување на аконтација на данок на доход од УЈП за 5 месеци за трите лица |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 46.460,оо | 46.460,оо | Рекапитулации утврдување на аконтација на данок на доход од УЈП за 5 месеци за трите лица |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **40.000,оо** | **40.000,оо** | |
| Транспорт | 40.000,оо | 40.000,оо | Фискални сметки и сметкопотврди |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **15.000,оо** | **15.000,оо** | |
| Канцелариски материјали | 15.000,оо | 15.000,оо | Фактутри од ЕКОС ДООЕЛ Тетово и ДОНИКА ПЛУС ХОЛДИНГ ДООЕЛ, вирмани за исплата |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** – *искажете ги посебно ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | **80.400,оо** | **80.400,оо** | |
| Договори за услуги | | | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници | | | |
| Комуникациски продукти | | | |
| Транспорт на хуманитарни пакети | 80.400,оо | 80.400,оо | Фактура од ПОСТ – М ЛОГИСТИК ДООЕЛ Тетово, вирман за исплата |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600.00,оо** | **600.00,оо** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што ги доставувате во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Во прилог на Завршниот извештај ги доставуваме следниве документи:

- Фото албум од делење на хуманитарни пакети;
- Одлука за назначување на проектен персонал – координатор на проектот;
- Одлука за назначување на преоктен персонал – асистент координатор;
- Одлука за назначување на експерт – правник;
- Договор за дело бр.0307-01 ГС/2021 за координатор на проектот;
- Договор за дело бр.0307-02 ГС/2021 за асистент координатор;
- Договор за дело бр.0307-03 ГС/2021 за експерт – правник,
- Временски рамки за 5 месици за координатор на проектот;
- Временски рамки за 5 месици за асистен координатор;
- Временски рамки за 5 месици за експерт – правник;
- Пресметки за исплата на плати за 5 месеци за координатор на проектот;
- Пресметки за исплата на плати за 5 месеци за асистент координатор;
- Пресметки за исплата на плати за 5 месеци за експерт – правник;
- Рекапитулации за утврдување на аконтација на данок на доход од УЛП за 5 месеци за сите три лица ангажирани за имплементација на проектот, координатор на проектот, аситемт координатор и експерт – правник;
- Фискални сметки за гориво;
- Вирман за исплата на метеријални трошоци за транспорт на тимот;

- Фактура – Испратница бр.100-3887 од 24.12.2021 година од Друштво за производство,трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово;
- Вирман за исплата на фактура бр.100-3887;
- Фактура бр.1140/21 од 24.12.2021 година од Друштво за производство,транспорт,трговија и услуги ДОНИКА ПЛУС ХОЛДИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;
- Вирман за исплата на фактура бр.1140/21;
- Фактура бр.135/21 од 20.12.2021 година од Друштво за производство, трговија и услуги БРЗА ПРАТКА ПОСТ-М ЛОГИСТИК ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;
- Вирман за исплата на фактура бр.1140/21;
- Изводи од банка за сметката од Младинска Алијанса Тетово број: 210-0568264901-62 НЛБ Банка АД Скопје.

Тетово, 28.01. 2022 год.
(Место) (датум)

Небојша Захариески, извршен директор
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)